РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-156/1
12-01-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на својата 26 - та седница одржана на ден 30.12.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предмет оформен по пријава со број 12-1798/1 од 13.06.2024 година, против членовите на испитната комисија во Испитен центар „---------------------“ во ------------, **СЕ ЗАПИРА**, поради тоа што Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека за предметниот случај постапил надлежен орган, кој извршил надзор и презел со закон предвидени мерки за отстранување на констатираните неправилности кај субјектот на надзорот.

Предметот со број 12-1798/1 од 16.06.2024 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител е поднесена пријава, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1798/1 од 13.06.2024 година. Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување од страна на членовите на испитната комисија во Испитен центар „-----------------------“ во -------------, за кои се наведува дека и помогнале на кандидатката ------------------------------------ при полагање на теоретскиот дел на возачкиот испит, кој се одржал на ден 05.06.2024 година.

При постапувањето по пријавата, Државната комисија констатира дека има постапувано по пријава со исти наводи во врска со која на 14-та седница одржана на 28.01.2025 година има донесено Одлука број 12-567/1 од 05.02.2025 година, со која е одлучено пријавата да се да се достави на надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи.

По барање од Државната комисија за информација во врска со надлежното постапување по пријавата, МВР достави информација со прилог документација, од која е констатирано следното:

Комисијата во МВР за надзор над работата на испитните центри, извршила надзор над работата на ДПТУ Испитен центар „---------------------------" во -------------, при што утврдила дека пријавата е основана во делот на наводите за помагање на кандидатката ---------------------------- при полагање на теоретскиот дел на испитот од страна на претседателот на испитната комисија -------------------------, поради што со Мислење број ---------------- од 17.07.2024 година, Сектор за сообраќајни работи при Оддел за униформирана полиција во Биро за јавна безбедност предложил до Сектор за управно надзорни работи во Оддел за граѓански работи за наведениот испитен центар, согласно со член 252 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, да се донесе Решение за изрекување на мерка за забрана за спроведување на возачки испити со кандидати за возачи во рок од 30 дена, во кој рок ДПТУ Испитен центар „-------------------------" во --------------, треба да ги отстрани утврдените недостатоци, додека за претседателот на испитната комисија ---------------------, да се донесе Решение со кое ќе му биде одземена лиценцата за испитувач по наставна програма Сообраќајни правила и прописи, согласно со член 253 став 1 од истиот закон, а од страна на Секторот за внатрешни работи во -------------- да му се издаде прекршочен платен налог на правното лице ДПТУ Испитен центар „-----------------------" во ---------------- согласно со член 252 став 10 и став 11 и член 253 став 6 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а правното лице ДПТУ Испитен центар „----------------------" во ----------- во управна постапка да донесе решение со кое ќе му биде поништен теоретскиот и првиот практичен дел од возачкиот испит на кандидатот за возач ------------------------ од с.------------, -------------. Во прилог на дописот, до Државната комисија се доставени Решение со бр.------------- од 12.08.2024 година и Решение со бр.----------------- од 12.08.2024 година.

Имајќи предвид дека за пријавениот случај постапил надлежен орган кој извршил надзор при што констатирал неправилности кај пријавеното правно лице и ги презел со закон предвидените мерки за отстранување на констатираните неправилности, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател
Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК